# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

**ГОДИНА XXII Бр. 31 Зрновци 31.12.2019 год. излегува по потреба**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законт за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Градоначалникот на општина Зрновци донесе

ЗАКЛУЧОК

За објавување на Одлуката за усвојување на Буџетот на Општина Зрновци за 2020година

I.

Ја објавувам Одлуката за усвојување на Буџетот на Општина Зрновци за 2020 година бр. 08 -846/1 донесена на седницата одржана на ден 30.12.2019

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето.

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков , с.р

Бр.09-846/2

31.12.2019

Врз основа на член 36 ст.1 т. 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02) и член 21 став 1 т.44 од статутот на Општина Зрновци (Сл. гласнил на Општина Зрновци бр. 05/05) Советот на општина Зрновци на седницата одржана на ден .30.12.2019 година донесе:

О Д Л У К А

За усвојување на Буџетот на Општина Зрновци за 2020година

Член 1

Се усвојува Буџетот на Општина Зрновци за 2020 година

Член 2

Планираните приходи по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи , а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи на буџетот на Општина Зрновци за 2020 година И се составен дел на ова одлука .

Член 3

Одлуката за усвојување на Буџетот на Општина Зрновци за 2020 година влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Сл. гласник на Општина Зрновци .

Совет на Општина Зрновци

Претседател

Владо Ристов с.р

Бр.08- 846/1

30.12.2017

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законт за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Градоначалникот на општина Зрновци донесе:

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

ЗАКЛУЧОК

За објавување на Буџетот на Општина Зрновци за 2020

I.

Го објавувам Буџетот на Општина Зрновци за 2020 година по видови на приходи кои се утврдени во билансот на приходи и расходите по основни намени кои се утврдени во билансот на расходи донесен на седницата одржана на ден 30.12..2019

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето.

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков , с.р

Бр.09-847/2

31.12. 2019

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законт за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Градоначалникот на општина Зрновци донесе:

ЗАКЛУЧОК

За објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Зрновци за 2020 година

I.

Ја објавувам Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Зрновци за 2020 година донесен на седницата одржана на ден 30.12..201

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето.

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков , с.р

Бр.09 - 848/2

31.12. 2019

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.61/2004, бр.96/2004, бр.67/2007, бр.156/2009, бр.47/2011 ,192/2015 и 209/2018 ) , член 31 од Законот за Буџетите ( Службен весник на Р.М.број 64/05,4/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12,192/15, 167/16 ) , член 93 став 2 пд Законот за административни службеници ( Службен весник на Р.М. број 27/14,199/14,48/15,154/15,5/16,80/16,127/16,142/16,2/17,16/17.и 11/18 ) и член 21 од Статутот на Општината Зрновци (“Службен гласник на Општината Зрновци 05/2005 ), Советот на Општината Зрновци на 43-та седница одржана на 30.12.2019 година, донесе

О Д Л У К А

за извршување на Буџетот на Општината Зрновци за 2020 година

**Член 1**

Буџетот на Општината Зрновци за 2020 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:.Основен буџет, Буџет на самофинасирачки активности, Буџет на дотации, Буџет на кредити и Буџет на донации.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Градоначалникот на општината во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основните буџети се реализираат на повисоко ниво од планот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камата на долг.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на Советот на општината изменување и дополнување на Буџетот.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџет на ниво на ставка во рамки на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20% со Одлука за прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не можат да се зголемат со прераспределба повеќе од 10%.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на дотации, буџетот на донации и/или буџет на заеми планираните приходи и други приливи не се реализираат, односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, согласно законските прописи.

- коефициент за утврдување на плата на избраните и именуваните лица - Градоначалник се определува според бројот на жителите во општината, а вредноста на коефициентот за плата се утврдува согласно законските прописи. Вредноста на коефициентот за платата на избрани и именувани лица во Републиката, изнесува 26.755,00 денари.

- за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто платите се утврдува со Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот.

- за вработени кои немаат статус на државни службеници пресметувањето и исплатувањето на платата ќе се врши согласно законските прописи за истите

**Член 10**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финасираат со блок дотации се спроведува на следниот начини:

- средствата се планираат на наменската сметка (930), а се извршуваат преку сметката-дотации на локални јавни установи (903),

- локалните јавни установи финасирани со блок дотации се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат следните обрасци: ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулација од пресметани бруто и нето плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плати за месецот за кој се однесува платата.

- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финасираат од општинскиот буџет, Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства. Локалните јавни установи се должни да го достават известувањето за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1, а за новите вработувања кои се финасираат од блок дотацијата се доставува известување за обезбедени финансиски средства од надлежното Министерство и Министерство за финансии и се приложува образец М-1.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финасираат од Буџет на дотации , ја контролира и одобрува Министерството за финасии.

Градоначалникот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотација.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерство за финасии за контрола и евиденција.

**Член 12**

На членовите на Совет на Општината Зрновци им припаѓа месечен надоместок за присуство на седницата на Советот и надоместок за патните и дневните трошоци.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на Општината Зрновци е утврден на 8.026 денари .

На претседателот на Совет на Општината Зрновци за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член е зголемен и истиот изнесува 9.173 денари.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седниците на Советот. Во случај кога советот има оддржано само една седнца во месецот а членот на советот не бил присутен и го оправда своето отсуство со извештај за привремена спреченост од работа ( боледување), или пак бил спречен да присуствува на седница поради стапување во брак,стапување во брак на дете, посвојување на дете , дарување на крв, вселување во дом, или смрт на член од потесното семејство, или советникот во тој момент бил на службен пат за потребите на Општината, во тој случај на советникот ќе му си исплати надоместок за присуство на седница намалена за 30% од утврдениот износ . Доказот за отсуство од седница, советникот ќе го достави преку Претседателот на Совет, до Градоначалникот на Општината.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец, а при тоа неможе да го оправда своето отсуство.

Месечниот надоместок за присуство на седницата на Советот не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

На членовите на Советот на Општината Зрновци им се исплатуваат надоместоците за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација

**Член 13**

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката не се исплатува.

Износот на дневници за службено патување во странство се исплатува и тоа:

- 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата,

- 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управување.

- 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена.

Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува и тоа:

- една дневница - за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и

- половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа

**Член 14**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на вработениот во општината и локалната јавна установа му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош, во износ од две последни исплатени плати во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000 денари.

На вработениот во општината и локалната јавна установа во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и деца земени на издржување) доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина на една последна исплатена просечна месечна плата во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 15.000 денари.

Живеењето во заедница подразбира вработениот и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација.

Надоместоците од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната година.

Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на општината во програма Д0-Градоначалник подставка 413110 тековни резерви (разновидни расходи).

**Член 15**

Надоместокот за отпремнина за пензионирање на вработениот во Општината и локалната јавна установа се исплаќа врз основа на член 9 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за исплата на платите и изнесува двократен износ од просечната исплатена месечна плата во Републиката за соодветниот месец во кој работникот заминува во пензија и се планира во Буџетот на општинат.

Средствата за вработениот во општината се планираат во програмата Е0 – Општинска администрација, односно за вработениот во локалната јавна установа во Програма Д0 – Градоначалник на ставка 464 Разни трансфери – 464940 – Трансфери при пензионирање.

**Член 16**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност на 6.000,00 денари, при што задолжително мора да биде приложена фискална сметка, а расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 17**

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва-во програма А0-Совет на општина.), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За средствата утврдени во Буџетот на на општината во рамките на резервите (тековна буџетска резерва) во програма Д0-Градоначалник, одлучува Градоначалникот на општината до износ од 100.000 денари.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 18**

За средствата распоредени во сите програми и потпрограми во Буџетот за 2018 година одлучува Градоначалникот на општина Зрновци во рамки на утврдени износи во Буџетот, освен за трошење на средствата од подставките во програма Совет на општина А0 и тоа:

- теквна резерва, трансфери до здруженија на граѓани и фондации и трансфери до невладини организации,
- трансфери до спортски клубови и
- други трансфери за кои одлучува Советот на општина Зрновци .

**Член 19**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 20**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на општината. За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Министерство за информатичко општество и администрација на актите за систематизација

**Член 21**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 22**

Буџетот на Општината Зрновци се извршува од 01.01.2020 до 31.12.2020 година.

**Член 23**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Зрновци", а ќе се применува од 01 Јануари 2020 година.

П Р Е Т С Е Д А Т Е Л

на Совет на Општина

Владо Ристов

Br.09 - 848/1

30.12. 2019

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законт за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Градоначалникот на општина Зрновци донесе:

ЗАКЛУЧОК

За објавување на Одлуката за утврдување вредноста на бодот за плати на државни службеници за 2020

И.

Го објавувам Одлуката за утврдување вредноста на бодот за плати на државни службеници за 2020 година бр. 08-849/1 донесен на седницата одржана на ден 30.12..2019

ИИ.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков , с.р

Бр.09- 849/2

31.12. 2019

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15 и 5/16 и 11/18,

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Советот на општина Зрновци, на 43-та седница одржана на 30.12.2019 година, донесе

ОДЛУКАТА

за утврдување на вредноста на бодот за платите

на државните службеници за 2020 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година изнесува 81,10 денари,

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Зрновци“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2020 година.

Претседател,

на Совет на Општина

Владо Ристов

Br.09 - 849/1

30.12. 2019

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законт за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Градоначалникот на општина Зрновци донесе:

ЗАКЛУЧОК

За објавување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавната установа за деца за 2020 година

И.

Го објавувам Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавната установа за деца за 2020 година бр. 08-850/1 донесен на седницата одржана на ден 30.12..2019

ИИ.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето.

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков , с.р

Бр.09- 850/2

31.12. 2019

Врз основа на член 166-з став (2) од Законот за заштита на децата ( Службен весник на Република Северна Македонија,, број 104 од 23.05.2019 година), Советот на општина Зрновци на 43-та седница одржана на 30.12.2019 година , донесе

О Д Л У К А

за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавната установа за деца за 2020 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на вработените во јавната установа за деца , за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година изнесува 81.10 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Зрновци , а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2020 година.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Претседател

на Совет на Општина Зрновци

Владо Ристов

Br.09 - 850/1

30.12. 2019

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законт за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Градоначалникот на општина Зрновци донесе:

ЗАКЛУЧОК

За објавување на Буџетскиот календар на Општина Зрновци за 2020година

I.

Го објавувам Буџетскиот календар на Општина Зрновци бр. 08-851/1 за 2020 година донесен на седницата одржana na den 30.12..2019

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето.

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков , с.р

Бр.09- 851/2

31.12. 2019

Согласно член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа , Советот на Општина Зрновци на 43-та седница одржана на 30.12.2019 година , донесе:

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР за 2020 година

1. Советот на Општината го донесува **буџетскиот календар** во месец

**ДЕКЕМВРИ**

2. Министерот за Финансии изготвува **извештај** и го доставува до **Владата** во месец **МАРТ**

3. Советот на општината ја донесува или разгледува **фискалната стратегија на општината во месец АПРИЛ**

4. Градоначалникот на општината ги утврдува главните **насоки за подготвување на финансиските планови на општинските буџетски корисници , во месец ЈУНИ, ЈУЛИ**

5. Градоначалникот на општината ги **доставува до општинските буџетски корисници главните насоки за изготвување на финансиките планови во месец ЈУЛИ, АВГУСТ**

6. Општинските буџетски корисници ги доставуваат до општината своите **предлог буџетски пресметки - финансиски планови , со образложение за висината на износите во месец АВГУСТ**

7. Финансискиот оддел на општинакта администрација ги **анализира барањата** на општинските буџетски корисници и го **известува** Градоначалникот **за основните параметри** (зголемени или намалени барања) во **месец АВГУСТ-СЕПТЕМВРИ**

8. Министерот за Финансии го доставува до општината **буџетскиот циркулар најдоцна до крајот на месец СЕПТЕМВРИ**

9. Градоначалникот на општината подготвува Предлог План на програми за развој усогалсен со насоките на Циркуларот од Министерот за Финансии и истиот го доставува на одобрување од Советот на општината најдоцна **до 20 ОКТОМВРИ**

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

10. Советот на Општината го одобрува Предлогот на планот на програмите за развој **најдоцна до 15 НОЕМВРИ**
11.
12. Финансискиот Оддел на општинаката администрација заедно со Градоначалникот на општината го **подготвуваат предлог-буџетот на општината во месец НОЕМВРИ**

13. Градоначалникот на општината го **доставува до Советот , предлог буџетот на општината најдоцна до 20 ДЕКЕМВРИ**

14. Советот на општината го **донесува буџетот** на општината за наредната година најдоцна **до крајот на месец ДЕКЕМВРИ**

Претседател на Совет

Владо Ристов

Бр.09 - 851/1

30.12. 2019

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година) Градоначаланикот на општина Зрновци донесе

З А К Л У Ч О К

За објавувам Одлуката за усвојување на квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Зрновци за четврто тромесечие (К1,К2,К3) за период тред квартал за .2019 година

I

Ја објавувам Одлуката за усвојување на квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Зрновци за четврто тромесечие (К1,К2,К3) за период тред квартал за .2019 година бр. 08-852/1 донесена на седницата одржана на ден 30.12.2019 година

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Сл. гласник на општина Зрновци

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков с.р

бр. 09- 852/2

31.12.2019

Врз основа на член 36 став 1.т .15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 21 став 1 т.44 од статутот на Општина Зрновци (Сл.гласник на Општина Зрновци бр.5/05), Советот на Општина Зрновци на седница одржана на ден 30.12.2019 година донесе

**О Д Л У К А**

За усвојување на квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Зрновци за четврто тромесечие (К1,К2,К3) за период тред квартал за .2019 година

Член 1

Се усвојува кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Зрновци за четврто тромесечие (К1,К2,К3) за период тред квартал за .2019 година

Член 2

Планираните и остварените приходи по извори и видови ,како и расходите по основни намени се искажани во кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Зрновци за четврто тромесечие (К1,К2,К3) за период тред квартал за .2019 година

Член 3

Одлуката за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Зрновци за четврто тромесечие (К1,К2,К3) за период тред квартал за .2019 година година влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во Сл.гласник на Општина Зрновци.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Претседател

Владо Ристов с.р.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Бр. 08-852/1

30.12.2019

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законт за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Градоначалникот на општина Зрновци донесе:

ЗАКЛУЧОК

За објавување на Одлуката за давање давање позитивно мислење

на Статутот на Основно училиште

„ Синиша Стоилов „ во Зрновци

I.

Ја објавувам Одлуката давање позитивно мислење на Статутот на Основно училиште „ Синиша Стоилов „ во Зрновци б**р. 08-853/1** донесен на седницата одржана на ден 30.12..2019

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето .

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков , с.р

Бр.09- 853/2

31.12. 2019

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Зрновци (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Советот на Општина Зрновци , на 43-та седница одржана на ден 30.12.2019 донесе:

О Д Л У К А

За давање позитивно мислење на Статутот на Основно училиште

„ Синиша Стоилов „ во Зрновци

Член 1

Со ова Одлука Советот на Општина Зрновци дава поситивно мислење на Статутот на Основно училиште „ Синиша Стоилов „ Зрновци .

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесеувањето а ке се објави во Службен гласник на Општина Зрновци.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Претседател

Владо Ристов

Бр. 08-853/1

30.12.2019

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законт за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Градоначалникот на општина Зрновци донесе:

ЗАКЛУЧОК

За објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на цената на комуналната такса за оддведување на урбани отпадни води по м3 во мрежата на КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

I.

Го објавувам Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на цената на комуналната такса за оддведување на урбани отпадни води по м3 во мрежата на КЈП „ Водна Кула„ Зрновци б**р. 08-854/1** донесен на седницата одржана на ден 30.12..2019

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето .

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков , с.р

Бр.09- 854/2

31.12. 2019

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Зрновци (Сл. весник на

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

РМ бр. 5/2002 година ) Советот на Општина Зрновци , на 43-та седница одржана на ден 30.12.2019 донесе:

О Д Л У К А

За давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на цената на комуналната такса за оддведување на урбани отпадни води по м3 во мрежата на КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Член 1

Со ова Одлука Советот на Општина Зрновци дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на цената на комуналната такса за оддведување на урбани отпадни води по м3 во мрежата на КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за утврдување на висината на цената на комуналната такса за оддведување на урбани отпадни води по м3 во мрежата на КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесеувањето а ке се објави во Службен гласник на Општина Зрновци.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Претседател

Владо Ристов

Бр. 08-854/1

30.12.2019

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законт за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Градоначалникот на општина Зрновци донесе:

ЗАКЛУЧОК

За објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на цената на комуналната такса за потрошена вода по м3 во мрежата на КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

I.

Го објавувам Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на цената на комуналната такса за потрошена вода по м3 во мрежата на КЈП „ Водна Кула„ Зрновци б**р. 08-855/1** донесен на седницата одржана на ден 30.12..2019

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето .

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков , с.р

Бр.09- 855/2

31.12. 2019

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Зрновци (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Советот на Општина Зрновци , на 43-та седница одржана на ден 30.12.2019 донесе:

О Д Л У К А

За давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на цената на комуналната такса за потрошена вода по м3 во мрежата на КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Член 1

Со ова Одлука Советот на Општина Зрновци дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на цената на комуналната такса за потрошена вода по м3 во мрежата на КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за утврдување на висината на цената на комуналната такса за потрошена вода по м3 во мрежата на КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесеувањето а ке се објави во Службен гласник на Општина Зрновци.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Претседател

Владо Ристов

Бр. 08-855/1

30.12.2019

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законт за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Градоначалникот на општина Зрновци донесе:

ЗАКЛУЧОК

За објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за плати на вработените во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

I.

Го објавувам Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за плати на вработените во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци б**р. 08-856/1** донесен на седницата одржана на ден 30.12..2019

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето .

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков , с.р

Бр.09- 856/2

31.12. 2019

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Зрновци (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Советот на Општина Зрновци , на 43-та седница одржана на ден 30.12.2019 донесе:

О Д Л У К А

За давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за плати на вработените во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Член 1

Со ова Одлука Советот на Општина Зрновци дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за плати на вработените во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за плати на вработените во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесеувањето а ке се објави во Службен гласник на Општина Зрновци.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Претседател

Владо Ристов

Бр. 08-856/1

30.12.2019

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законт за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Градоначалникот на општина Зрновци донесе:

ЗАКЛУЧОК

За објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

I.

Го објавувам Одлуката за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци б**р. 08-857/1** донесен на седницата одржана на ден 30.12..2019

II.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето .

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков , с.р

Бр.09- 857/2

31.12. 2019

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Зрновци (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Советот на Општина Зрновци , на 43-та седница одржана на ден 30.12.2019 донесе:

О Д Л У К А

За давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Член 1

Со ова Одлука Советот на Општина Зрновци дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Составен дел на оваа Одлука е Правилникот за систематизација на работните места во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесеувањето а ке се објави во Службен гласник на Општина Зрновци.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Претседател

Владо Ристов

Бр. 08-857/1

30.12.2019

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законт за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Градоначалникот на општина Зрновци донесе:

ЗАКЛУЧОК

За објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

I.

Го објавувам Одлуката за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци б**р. 08-865/1** донесен на седницата одржана на ден 30.12..2019

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето .

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков , с.р

Бр.09- 865/2

31.12. 2019

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Зрновци (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Советот на Општина Зрновци , на 43-та седница одржана на ден 30.12.2019 донесе:

О Д Л У К А

За давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Член 1

Со ова Одлука Советот на Општина Зрновци дава согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Составен дел на оваа Одлука е Правилникот за внатрешна организација на работните места во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесеувањето а ке се објави во Службен гласник на Општина Зрновци.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Претседател

Владо Ристов

Бр. 08-865/1

30.12.2019

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законт за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Градоначалникот на општина Зрновци донесе:

ЗАКЛУЧОК

За објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за овластување на директорот во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци да ги преземе сите потрбни активности во спроведувањето на тендерите - јавните набавки

I.

Ја објавувам Одлуката за давање согласност на Одлуката за овластување на директорот во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци да ги преземе сите потрбни активности во спроведувањето на тендерите - јавните набавки бр. 08-858/1 донесен на седницата одржана на ден 30.12..2019

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето .

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков , с.р

Бр.09- 858/2

31.12. 2019

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Зрновци (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Советот на Општина Зрновци , на 43-та седница одржана на ден 30.12.2019 донесе:

О Д Л У К А

За давање согласност на Одлуката за овластување на директорот во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци да ги преземе сите потрбни активности во спроведувањето на тендерите - јавните набавки

Член 1

Со ова Одлука Советот на Општина Зрновци дава согласност на Одлуката за овластување на директорот во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци да ги преземе сите потрбни активности во спроведувањето на тендерите - јавните набавки

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за овластување на директорот во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци да ги преземе сите потрбни активности во спроведувањето на тендерите - јавните набавки

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесеувањето а ке се објави во Службен гласник на Општина Зрновци.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Претседател

Владо Ристов

Бр. 08-858/1

30.12.2019

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законт за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Градоначалникот на општина Зрновци донесе:

ЗАКЛУЧОК

За објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за поништување на Одлуката за сменско работење во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

I.

Го објавувам Одлуката за давање согласност на Одлуката за поништување на Одлуката за сменско работење во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци бр. 08-859/1 донесен на седницата одржана на ден 30.12..2019

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето .

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков , с.р

Бр.09- 859/2

31.12. 2019

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Зрновци (Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година ) Советот на Општина Зрновци , на 43-та седница одржана на ден 30.12.2019 донесе:

## О Д Л У К А

За давање согласност на Одлуката за поништување на Одлуката за сменско работење во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Член 1

Со ова Одлука Советот на Општина Зрновци дава согласност на Одлуката за поништување на Одлуката за сменско работење во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за поништување на Одлуката за сменско работење во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесеувањето а ке се објави во Службен гласник на Општина Зрновци.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Претседател

Владо Ристов

Бр. 08-859/1

30.12.2019

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година) Градоначаланикот на општина Зрновци донесе

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за одобрување спонзорство по повод празникот Бадник

I

Ја објавувам Одлуката за одобрување спонзорство по повод празникот Бадник бр. 08-860/1 за донесена на седницата одржана на ден 30.12.2019 година

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Сл. гласник на општина Зрновци

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков с.р

бр. 08-860/2

31.12.2019

Врз основа на член21 ст.1 т.43 од Статутот на општина Зрновци (Сл.гласник на Општина Зрновци бр.5/05),Советот на Општина Зрновци на седницата одржана на ден 30.12.2019 година донесе :

## О Д Л У К А

За одобрување спонзорство по повод празникот Бадник

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Член 1

По повод верскиот празникот Бадник одобруваме спонзорство во висина од 3.000,00

Средствата да се дадат на лицето кај кого ке се падне паричката .

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во Сл.гласник на Општина Зрновци .

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Претседател

Владо Ристов с.р.

Бр. 08-860/1

30.12.2019

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година) Градоначаланикот на општина Зрновци донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за одобрување спонзорство по повод празникот Василица

I

Ја објавувам Одлуката за одобрување спонзорство по повод празникот Василица бр. 08-861/1 за донесена на седницата одржана на ден 30.12.2019 година

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Сл. гласник на општина Зрновци

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков с.р

бр. 08- 862/2

31.12.2019

Врз основа на член21 ст.1 т.43 од Статутот на општина Зрновци (Сл.гласник на Општина Зрновци бр.5/05),Советот на Општина Зрновци на седницата одржана на ден 30.12.2019 година донесе :

О Д Л У К А

За одобрување спонзорство по повод празникот Василица

Член 1

По повод верскиот празникот Василица одобруваме спонзорство во висина од 8.000,00

Средствата да се исплатат по следниот редослед :

За Видовиште 2.000,00 денари за Мородвис 2.000,00 денари за собирањето на маренска чешма и на Винички пат по 2.000,00 денари .

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во Сл.гласник на Општина Зрновци .

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Претседател

Владо Ристов с.р.

Бр. 08-861/1

30.12.2019

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа Сл. весник на РМ бр. 5/2002 година) Градоначаланикот на општина Зрновци донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за одобрување спонзорство по повод празникот Водици

I

Ја објавувам Одлуката за одобрување спонзорство по повод празникот Водици бр. 08-862/1 за донесена на седницата одржана на ден 30.12.2019 година

II

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Сл. гласник на општина Зрновци

Општина Зрновци

Градоначалник

Блаже Станков с.р

бр. 08- 862/2

31.12.2019

Врз основа на член21 ст.1 т.43 од Статутот на општина Зрновци (Сл.гласник на Општина Зрновци бр.5/05),Советот на Општина Зрновци на седницата одржана на ден 30.12.2019 година донесе :

## О Д Л У К А

За одобрување спонзорство по повод празникот Водици

Член 1

По повод верскиот празникот Водици одобруваме спонзорство во висина од 4.000,00

Средствата да се дадат на лицето кај ќе го фати чесниот крст од водите на Зрновска река .

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во Сл.гласник на Општина Зрновци .

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Претседател

Владо Ристов с.р.

Бр. 08-862/1

30.12.2019

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

**С О Д Р Ж И Н А**

**НА СЛУЖБЕН ГЛАСНИК БР.31**

1 . Одлука За усвојување на Буџетот на Општина Зрновци за 2020година

2.Одлука за извршување на Буџетот на Општината Зрновци за 2020 година

3. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година

4. Одлука за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавната установа за деца за 2020 година

5. Буџетски Календар за 2020 година

6. Одлука За усвојување на квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Зрновци за четврто тромесечие (К1,К2,К3) за период тред квартал за .2019 година

7. Одлука За давање позитивно мислење на Статутот на Основно училиште „ Синиша Стоилов „ во Зрновци

8. Одлука За давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на цената на комуналната такса за оддведување на урбани отпадни води по м3 во мрежата на КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

9. Одлука За давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на цената на комуналната такса за потрошена вода по м3 во мрежата на КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

10.Одлука За давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за плати на вработените во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

11. Одлука За давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

12. Одлука За давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

13. Одлука За давање согласност на Одлуката за овластување на директорот во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци да ги преземе сите потрбни активности во спроведувањето на тендерите - јавните набавки

14. Одлука За давање согласност на Одлуката за поништување на Одлуката за сменско работење во КЈП „ Водна Кула„ Зрновци

15. Одлука За одобрување спонзорство по повод празникот Бадник

16. Одлука За одобрување спонзорство по повод празникот Василица

17. Одлука За одобрување спонзорство по повод празникот Водици

**Издавач : Совет на Општина Зрновци**

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)